24.12.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24 декември 2018 година, врз основа на примена жалба од Николина Јашкова Стојкова, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Интернет порталот „Струмица денес“, со текстовите насловени „(Фото) Шест годишно дете од струмичко малтретирано од својот соученик – Службите на училиштето не преземаат ништо!“ и „Момчето од струмичко, кое беше малтретирано од својот соученик ќе биде преместено во друга паралелка!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 30 ноември 2018 година, Николина Јашкова Стојкова, поднесе жалба за два текста, насловени „(Фото) Шест годишно дете од струмичко малтретирано од својот соученик – Службите на училиштето не преземаат ништо!“ и „Момчето од струмичко, кое беше малтретирано од својот соученик ќе биде преместено во друга паралелка!“, објавени на 23 и 27 ноември на интернет порталот „Струмица денес“ (www.strumicadenes.mk)

Во жалбата се наведува дека текстовите содржат говор на омраза, неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, незаштитена малолетна публика, навреда и клевета.

Подносителката на претставката, Николина Јашкова Стојкова, меѓу другото, посочува и дека со текстовите се создава лажна слика во јавноста, општ страв и недоверба кон институцијата училиште.

*„Повредени се сите деца во паралелката и самите деца, знаејќи ја многу подобро личноста, која тоа го објавила (мајката на детенцето, за која тврди дека е малтретирано). Повреден е интегритетот на педагогот и одделенските наставнички. Претрпена е закана од родителите“,* се вели во поднесената жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Струмица денес“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Од „Струмица денес“ во целост ја отфрлаат поднесената претставка и сметаат дека во текстот не е прекршено ниту едно од наводите на жалителката. Велат дека во текстот е пренесена реакција на мајка за континуирано малтретирање на нејзиното дете на училиште, а целта на медиумот, како што посочуваат, била да ги повикаат надлежните да го испитаат случајот.

Од „Струмица денес“ нагласуваат дека не можеле да стапат во контакт со училиштето, каде се случило наводното насилство и, поради тоа, во текстот не било наведено, ниту името на институцијата, ниту имињата на родителот и детето.

*„Ги отфрламе во целост жалбите за создавање лажна слика во јавноста, бидејќи станува збор за животна сторија раскажана од родител, документирана со фотографии. Споријата служи да ги поттикне службите да спречат вакви случаи во иднина да се случуваат во училиштата. Бидејќи не се открива идентитетот на лицата во*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*сторијата, ниту пак името на институцијата, не може да има недоверба кон институцијата и да биде повреден интегритетот на педагогот и одделенските наставнички во истата"*, се вели во одговорот на интернет порталот „Струмица денес".

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 24 декември 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот произлегува од јавниот интерес, дека институцијата училиште е легитимна новинарска цел и мора да подлежи на јавен надзор, но дека авторот, сепак, не успеал да обезбеди колку што е можно пообјективна информација и да ги согледа сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Ова, уште повеќе, што новинарот обработува чувствителна тема од широк јавен интерес, во случајов, за меѓуврсничко насилство во училиштата. Оттука, тој имал професионална обврска да побара став и од училиштето, за докрај да го разјасни случајот и јавно да ја лоцира одговорноста, доколку ја има, без разлика што името на образовната установа не е наведено во текстот.

Текстот на „Струмица денес" се заснова на анонимно сведоштво на мајка и на фотографија од дете, чиј идентитет е заштитен. И двете информации, како што пишува и самиот автор, им биле испратени во порака. Според Кодексот на новинарите, проверката на податоците се морални императиви на новинарот и затоа тој е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Членовите на Комисијата се согласија дека во случајот со текстот на „Струмица денес", ***потребата од брзина никогаш не смее да ја загрози точноста на информацијата.*** На тој начин, авторот на оспорениот прилог, значително ќе ја намалел одговорноста за морална осуда за

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

прекршување на професионалните стандарди. Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, чие начело е наведено погоре во одлуката.

На крајот, Комисијата се согласи и потенцира дека го цени напорот на интернет порталот „Струмица денес“ да обработува тема од јавен интерес. Ова, уште повеќе, што проблемот со 6-годишното дете добил посакуван епилог, односно ученикот да биде префрлен во друга паралелка, како што е објавено во вториот текст за случајот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Струмица денес“ (www.strumicadenes.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595